| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од трет циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МОРФОЛОШКО-ФУНКЦИОНАЛНА ОРТОПЕДИЈА НА ВИЛИЦИ И ЗАБИ | | | |
| 2. | Код | ДСОР2 | | | |
| 3. | Студиска програма | Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје<br>Стоматолошки факултет – Скопје<br>Катедра за ортодонција | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Трет циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова<br><br>Проф. д-р Ирена Гавриловиќ, Виш науч. сор. д-р Билјана Богдановска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | / | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Целта на предметот е запознавање на студентите со морфолошките и функционални особености на краниофацијалниот систем, нормалниот раст и развој на краниофацијалниот скелет, функционалните аспекти одговорни за растот на лицевите структури, соматскиот раст и индивидуалните варијации во растот и развојот на дентицијата и механизмот на настанување на малоклузии. Поширок познавања на основни постулати во дијагностицирање на краниофацијалните морфолошки и функционални неправилности, индивидуалните варијации на развојот на дентицијата, функционалната оклузија. Студентите ќе стекнат знаења и вештини за одредување на планот на ортодонтскиот третман, утврдување на потребата од ортодонтски третман преку IOTN индекс, индекс на естетска компонента. Истовремено ќе се оспособат и за предвидувањето на текот на ортодонтската и ортопедска терапија. Ќе се стекнат со знаења за комплицирани тераписки постапки, примена на апарати кои произведуваат ортопедски сили за третман на скелетни аномалии, дентална и скелетна анкаража, мини-импланти, како и со мултидисциплинарниот пристап во терапијата на пациенти во активен период на развој, ортодонтско-хируршки пациенти и пациенти со расцеп на усни, вилици и непце ,адултни пациенти со заболувања на пародонт, и припрема на пациенти за протетска рехабилитација. Со стекнатите знаења ќе се усовршат во професионалните вештини со можност за имплементирање на истите во секојдневната пракса, но и за научно-истражувачка дејност. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | 1. Поглавје - Морфолошки и функционални особености на краниофацијалниот систем (15 часа)<br><br>- Анатомски и морфолошки карактеристика на краниофацијални и дентоалвеоларни структури 3 часа<br>- Функционални аспекти одговорни за растот на лицевите структури, соматски раст, индивидуални варијации во растот | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 часа<br>- Развој на нормална оклузија од раѓање до возрасен период, индивидуални варијации во развојот на дентицијата, функционална оклузија<br>3 часа<br>- Орофацијални функции 3 часа<br>- Етиологија на дентофацијални и скелетни неправилности 3 часа<br>*Резултати од 1 поглавје: С*тудентот ќе стекне познавања за морфолошките и функционални особености на краниофацијалниот систем, индивидуалните варијации во растот и развојот на дентицијата и механизмот на настанување на малоклузии. Ќе се запознае со анатомијата, физиологија, и функција на орофацијални мускули и темпоромандибуларен зглоб, како и функции во орофацијална регија (дишење, доење, мастикација, голтање, говор). Посебен осврт на етиолошките причинители и механизми на настанување на дентофацијални и скелетни неправилности: наследство, миофункционални отстапувања, заболувања (општи и локални), јатрогени фактори, тератогени чинители кои доведуваат до дентофацијални скелетни аномалии, расцепи и конгенитални малформации.<br><br>2. Поглавје - Ортодонтска дијагноза (15 часа)<br><br>- Базични дијагностички средства за утврдување на девијација од номалниот раст и развој, неправилна оклузија и ортодонтска аномалија<br>3 часа<br><br>- Одредување на дентална возраст на пациентите 3 часа<br><br>- Одредување на осеална возраст на пациените 3 часа<br><br>- Телерентгенграфска анализа (рентгенкфалометриски и рентгенкраниометриски анализи) 3 часа<br><br>- Анализа на фотографија на лице 3 часа<br><br>*Резултати од 2 поглавје:* Студентот ќе се запознае со основните дијагностички процедури во ортодонцијата, анамнестички и клинички испитувања. Ќе стекне сознанија за функционални и рентгенолошки испитувања, гнатометриската анализа како и анализа на фотографија, со цел да се запознае со основните причини за појава на ортодонтска неправилност. Посебен осврт на дополнителни дијагностички средства за утврдување на денталната и скелетна зрелост на пациентот преку рентгенолошка проценка на степенот на минерализација на забите и рентген анализа на вратните прешлени. Одредување на дисфункции во орофацијална регија преку процена на димензиите на дишниот пат, позицијата на хиоидната коска, краниометриски и кефалометриска анализа на дентални и скелетни дискрепанци и асиметрии.<br><br>3 Поглавје - Ортодонтска и ортопедска терапија (15 часа)<br><br>- Утврдување на потребата од ортодонтски третман преку IOTN индекс, индекс на естетска компонента 1 час<br><br>- Биолошки основи на ортодонтската терапија и биомеханика на ортодонтското поместување на забите 2 часа<br><br>- Функционална ортодонтска терапија како можност за модификација на растот<br>2 часа<br><br>- Примена на апарати кои произведуваат ортопедски сили за третман на скелетни аномалии. Дентална и скелетна анкаража, мини-импланти<br>3 часа<br>- Дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб, бруксизам, трауматска оклузија 2 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Адултна ортодонција 2 часа<br>- Мултидисциплинарен пристап во третманот на пациенти: ортодонтски третман како интегриран дел од комплетна стоматолошка казуистика 3 часа<br>*Резултати од 3 поглавје:* Студентот ќе се запознае со биомеханички принципи на аплицираните ортодонтски сили, биолошки одговор и реакција на забите и пародонталното ткиво. Ќе стекне основни познавања за утврдување на потребата од ортодонтски третман преку IOTN индекс и индекс на естетска компонента. Ќе се запознае со широкиот дијапазон на ортодонтски и ортопедски апарати за модификација на растот, како и интердисциплинарен третман на дентофацијални и скелетни аномалии и лекување на пациенти со расцепи и синдромски заболувања. Ќе се насочи во протоколите за ортодонтски третман на пациенти со синдром на ноќна апнеа, како и ортодонтски третман на адултни пациенти.<br><br>Вкупно.....45 часа | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Дентална оклузија и дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб<br>Ортодонтско хируршки третман на скелетните и дентофацијалните неправилности | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | - Презентација на методските единици од страна на професорот;<br>- Дискусија на часовите за методските единици;<br>- Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 45 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 20 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 25 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 60 |
| 18 | Услови за потпис | Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 40 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 40 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Габриела Ќурчиева Чучкова | Ортодонција за доктори по дентална медицина (прв дел) | Стоматолошки факултет, УКИМ, Скопје | 2023 |
| | | 2. | Лидија Кануркова | Ортодонција за доктори по дентална медицина (втор дел) | Стоматолошки факултет, УКИМ, Скопје | 2022 |
| | | 3. | Proffit W. R.,Fields H., Larson B., Sarver D. | Contemporary Orthodontics 6th Edition | St Louis: Mosby | 2018 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Група автори, Уредник: Stjepan Spalj | Malokluzije | Naklada Slap | 2024 |
| | | 2. | Birgit Thilander Krister Bjerklin Lars Bondemark | Essential Orthodontics | Wiley Blackwell | 2018 |
| | | 3. | Martin Cobourne Andrew DiBiase | Handbook of Orthodontics | Mosby Elsevier | 2010 |
| | | 4. | Proffit W.R., White R. P., Sarver D.M. | Contemporary treatment of dentofacial deformity 1 st Edition | St Louis: Mosby | 2012 |